# СОЗУ „КУЗМАН ШАПКАРЕВ” - БИТОЛА

# ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА УЧИЛИШТЕТО

## 2024 - 2028



**ФЕВРУАРИ, 2024**

## 1. ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

| Програма за развој на училиштето | |
|---|---|
| УЧИЛИШТЕ | СОЗУ„Кузман Шапкарев“ - Битола |
| Адреса | Димитар Робев бр.3 |
| Контакт податоци<br>(тел, факс, е-маил) | 047/238 401, факс 047/238 401,<br>ksapkarev@hotmail.com<br>sozu-kuzmanshapkarev@schools.mk |
| Период на подготовка на ПРУ | Јануари - Февруари<br>2024 |
| Број на ученици во училиштето | во учебна година 2023-2024: 43 |
| УЧИЛИШЕН ДИРЕКТОР | (в.д.директор.) |
| Име и презиме | Крстевски Златко |
| Потпис | |
| Датум | 04.03.2024г. |
| ОДОБРУВАЊЕ ОД УЧИЛИШЕН ОДБОР | |
| Име и презиме | Нада Христовска |
| Потпис | |
| Датум | 04.03.2024г. |

## 2. ВОВЕД

Развојниот план на СОЗУ Кузман Шапкарев е документ кој помага во управувањето и организацијата на училиштето. Овој документ треба да се свати како алатка која помага во унапредувањето на квалитетот на воспитно – образовниот процес. Треба да се има во предвид дека развојното планирање е континуиран творечки процес кој се однесува на постојано истражување и препознавање на реалните (вистинските) потреби на училиштето, како и во осмислување на начини како тие потреби да се задоволат.

Освен тоа нашето училиште во развојното планирање самото е иницијатор и актер на сопствените промени. Развојот на училиштето се одвива на релација помеѓу сегашната состојба и проекцијата на посакуваните идеали. Јасно е дека развојниот план не е конечен и како таков, постојано е подлежен на мониторинг и по воочена потреба тој може да се доработува и преработува.

Овој план ги идентификува оние работи кои се најприоритетни и кои сме способни да ги отствариме. Имплементацијата дефинитивно не е возможна без учество на сите вработени и на учениците.

## 3. ВИЗИЈА И МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

- **ВИЗИЈА на училиштето**

***„Нашето училиште да биде здрава средина во која секој може да научи, да ги развива своите индивидуални перформанси и да стекне знаења и вештини кои успешно ќе ги применува во општествената заедница.”***

СОЗУ Кузман шапкарев - Битола е воспитно-образовна институција која образува стручен кадар од областа на ветеринарната медицина и фармерското производство, континуирано и вонредно, ориентирано кон потребите на современото пазарно, мултикултурно, демократско општествено живеење.

Со оглед на постоечките човечки и аграрни ресурси на Регионот, приоритети и наши заложби се:

- Перманенто настојување за подигнување на атрактивноста и угледот на Училиштето и негово прераснување во земјоделски регионален центар;
- Образование кое ќе ги негува и унапредува капацитетите на учениците и вработените, кое ќе ги почитува нивните интереси, ќе им понуди можности за избор и реализирање на себеси преку воспитно-образовниот процес;
- Воспоставување на динамична врска на образованието со пазарот на трудот и општествените промени;
- Ефективно работење на наставни планови, програми и активности за збогатување на понудата со атрактивни профили (еко-земјоделие, агро-бизнис, биотехнолошки, прехрамбен и др.)
- Изградување на индикатори, механизами и инструменти за контрола на квалитетот во наставата и стопанството;
- Делување на линија на промена на законската регулатива која ќе ги обврзува земјоделците да поседуваат сертификати за вршење на дејноста;
- Организирање курсеви за прекфалификации, доквалификации и професионално усовршување на млади и возрасни за да можат да се вклучат во производните процеси и да се оспособат за користење на современата технологија во земјоделието и ветеринарната медицина и да одговорат на потребите на пазарот на трудот
- Изработување и реализирање флексибилни модуларни настани планови и програми;
- Нудење образовни, интелектуални и производни услуги на заинтересирани консументи-локални фармери, земјоделци , односно физичките и правни лица кои имаат потреба за таков вид на услуги;

  Континуирано ангажирање на полето на проектните активности
- Зголемена соработка со сите сродни училишта, факултети и институции на локално, национално и меѓународно ниво;
- Повисоки стандарди во образованието:
- Унапредување на истражувањето и засилување на креативноста и иновативноста;
- Употребување на современа информатичка и комуникациска технологија и промоција на информатичката писменост;
- Настојување за промени во духот на плурализмот и различноста на вредностите, демократичност и квалитет;
- Промоција на форми и културни, спортски и младински активности;
- Создавање клима и култура која ќе го етаблира образованието како значаен фактор и генератор на развојот;

- Создавање еднакви можности за образование на сите;
- Осовременување на образовната технологија;
- Подобрување на квалитетот на наставата;
- Подобрување на редовоста и дисциплината на учениците;
- Подобрување на соработката на релација наставник-ученик-родител;
- Развивање на свеста за правата и обврските;
- Негување на заемно почитување и разбирање;

- **МИСИЈА на училиштето**

***„Ние сма средина на свесни, принципиелни, културни и доблесни индивидуи , и градиме заемна доверба и почит. Ученикот е центар на сите наши заложби и ангажирања. Посветени сме на младиот човек , со желба од него да создадеме граѓанин кој ги знае своите права и одговорности, знае да го цени секој без оглед на расата , полот, културата, националната и верската припадност или социјалната положба.“***

Оваа институција оспособува кадар кој е:

- со развиени интелектуални, емотивни, естетски и практични вештини и воспитан во духот на етичките норми.
- солидно практично подготвен по завршувањето на образованието да одговори на потребите и предизвиците на пазарното општество
- оспособен за самоучење за да може да го следи брзиот техничко -технолошки развој;
- со позитивни персонални карактеристики (работа во тим, критичко размислување и ефикасна комуникација);

***<u>МОТО НА УЧИЛИШТЕТО</u>***

**СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ Е ВИЗА ЗА ПРОСПЕРИТЕТНА ИДНИНА**

КУЗМАН ШАПКАРЕВ
средно општинско земјоделско училиште - битола
www.kuzmansapkarev.edu.mk тел.: 047/238-401

## 4. Општи податоци за училиштето

- **Нашето училиште**

СОЗУ „Кузман Шапкарев “од Битола е лоциран во североисточниот дел од периферијата од Градско поле, на ул.„Димитар Робев “бр.3.



Образовни профили:

Со модуларно дизајнирани наставни планови и програми во учебната 2023/2024 година, во училиштето се реализиранастава за следниве образовни профили од земјоделско-ветеринарна струка:

- **Техничар за ветеринарна медицина**;
- **Техничар за фитомедицина**;
- **Агротехничар**;
- **Техничар за агроменаџмент**;
- **Агротехничар за традиционално и органско производство**.

Училиштето располага со училишна зграда со 2535 $м^{2,}$ која ги задоволува образовните стандарди за настава но секогаш постои простор за до опремување и модернизирање, спортски терени за фудбал и кошарка, нова спортска сала од проектот за 145 спортски сали, како и училишна фарма со три објекти.

Во дворното место на училиштето се наоѓаат и помошни објекти и тоа: комплекс на објекти – штали, силоси, амбар, ботаничка – овошна градина со вграден систем за наводнување капка по капка и цвеќара како и мини метео станица.

Училиштето располага и со земјоделско земјиште од 24 хектари во непосредна близина на училишната зграда, кои се обработени под различни култури и на кои се изведува практична настава.

- **Просторни услови за работа во училиштето**

Воспитно – образовната дејност во училиштето се одвива во една училишна зграда со 15 училници, кабинети по биологија, цвеќарство, мотори и трактори, и информатика кои се опремени со современи нагледни аудио визуелни дидактички средства, при што веќе можат да се приметат резултатите од нивната примена во наставата.

Училниците се опремени со нови компјутери и е обезбеден е пристап до интернет за целите на наставата. Истите располагаат со технологија за изведување на современа настава според нормите и барањата на денешниот образовен систем.Старите компјутери се распределени за администрацијата и за работа и за обука на персоналот. Опремена е и помошна просторија за кариерен центар во рамките на училиштето.


*Сл 1. Спортска сала*


*Сл. 2 Спортски терени*


*Сл. 3 Училишна фарма*


*Сл. 4 Кабинет мотори итрактори*


*Сл. 5 Метео станица*


*Сл. 6 Еко-градина*


*Сл. 7 Парк за социјализација на миленици*


*Сл8. Кабинет по цвеќарство*


*Сл9. Кабинет по биологија*

## 5. Историски развој на училиштето

СОЗУ „Кузман Шапкарев” датира од 1908 година кога е основано од Турската империја како сточарска станица.

За време на Балканските војни и Првата светска војна прекинува со работа, за потоа прво да работи како нижо, а потоа како средно земјоделско училиште.

Мал прекин во работата има и за време на Втората светска војна под Бугарска окупација.

Од 1945 година работи континуирано. Во училиштето работи соодветен стручен кадар.

Училиштето до сега го завршиле над 3000 ученици од земјоделската и ветеринарната струка.

## 6. Подрачја на промени, приоритети и цели

### АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА
### SWOT - Анализа

| S (Strengths) | W (Weaknesses) |
|---|---|
| *-профили компатибилни на потребите на регионот*(**пелагонискиот регион е претежно земјоделски);**<br>*- наставен кадар*<br>▪ **солиден и компетентен ;**<br>▪ **подготвеи за позитивни промени;**<br>▪ **поготвен за понатамошно професионално усовршување;**<br>▪ **оспособен за користење на современата информатичка комуникациска технологија;**<br>▪ **обучен за примена на активна методологија во наставата;**<br>▪ **делумно обучен и со искуство за изработка на курикулуми за наставни профили и наставен материјал;**<br>▪ **со искуство во реализација на поголеми проектни активности во стопанството и наставата;**<br>**-** *работа во една смена*<br>*- постоење на КЦБ -***компетентен центар за професионално усовршување, преквалификација и доквалификација на заинересирани таргетни групи;**<br>**-** *фарма* **со високо млечни крави**, *свињарска фарма, цвеќарница и земјоделски површини***каде се врши професионална обука на учениците;**<br>**-** *воспоставена соработка со*<br>▪ **Агенцијата за развој на земјоделието;**<br>▪ **локалната самоуправа;**<br>▪ **локалните институции со сродна дејност;**<br>▪ **општински организации;**<br>▪ **невладини организации;**<br>**-** *релативно богат библиотечен фонд кој годинава беше збогатен со нова донација на наслови од еминентни автори од македонската и светската литература;* | *- неатрактивна периферна локација* **(оддалеченост од поширокото градско подрачје) - - -** *необезбедени сообраќајни знаци во близина на училиштето*<br>*-застареност на објектот и инфраструктурата;*<br>▪ **недоволна опременост со наставни средста и помагала;**<br>▪ **недостатоци при изведувањето на практичната настава;**<br>▪ **недоволна ефикасност на постоечките механизми за доследно спроведување на педагошките мерки;**<br>▪ **нередовноста на учениците***;*<br>▪ **со поволна старосна структура;**<br>*- докомплетирање на менаџерската структура (се мисли на помошник в.д.директор. или раководител за практичната настава);*<br>*- отежната комуникација на релација наставник-ученик-родител(во некои случаи);*<br>*- немотивираност на наставниот кадар-матријално и статусот во општеството;*<br>*- недостаток на финансиски средства за подобра маркетинг стратегија;*<br>*- финансиски проблеми;*<br>*- недоволна соработка со локалните институции и бизнис партнери кои би донирале средства за реализација на проекти;*<br>**-** *неискористени објекти во рамките на училишниот двор;*<br>**-** *застарени нефункционални објекти во дел од канцелариите (мебел,шкафови, фиокари и др.)* |
| **O (Opportunities)** | **T (Threats)** |
| *- прераснување во регионален центар;*<br>*-отворање на нови образовни профили;*<br>*-курсеви за преквалификација, доквалификација и стручно усовршување за возрасни;*<br>*-отворање на курсно образование;*<br>*-поволна старосна структура на човечките ресурси;*<br>*-соработка со:*<br>∗ *училишта со сродна дејност надвор од нашата држава* **(*од Шведска, Данска, Словенија и Франција*)**<br>∗ *средни и високи образовни институции од земјава;*<br>∗ *други училишта од општината* | *- можност од конкурентни училишта во регионот и неправилна стратегија за отворање на истите;*<br>*- влошување на финансиската состојба во државава;*<br>*- опаѓање на наталитетот;*<br>*- рестрикција во буџетот на министерството за образование и наука;*<br>*- непостоење на законска регулатива која ќе ги обврзува земјоделците да поседуваат сертификати за вршење на дејноста;*<br>*- преклопување на дејности со Агенцијата за Развој на Земјоделие (истите издаваат сертификати на земјоделци за посетена обука)* |

## Од приоритети на самоевалуацијата на училиштето до стратешки цел

| **Каде сме сега?**<br>**самоевалуација на училиштето - приоритети** | **Каде сакаме да бидеме?**<br>**Програма за развој на училиштето - стратешка цел** |
|---|---|
| 1. Реновирање на подовите<br>2. Барање донации од министерството за образование и други институции за обезбедување технички надгледни средства<br>3. Подобрување и збогатување на фондот на нагледни средства во кабинетската настава.<br>4. Доопремување на цвеќарата.<br>5. Санација и ремонт на свињарската фарма<br>6. Збогатување на фондот на овошки во овошната градина и збогатување на розариумот и украсните растенија.<br>7. Набавување на нагледни средства по кабинетите по сите предмети.<br>8. Опремување на кабинетите со училишен инвентар и потрошни материјали.<br>9. Мултимедијално опремување на кабинетите<br>10. Набавка на стручна литература и збогатување на библиотеката со лектирен книжен фонд.<br>11. Набавка на алати и опрема во функција на практичната настава.<br>12. Подобра соработка со локалната заедница за реализација на практичната настава. | **1. Подобрување на условите за реализирање на квалитетна воспитно-образовната работа** |
| 1. Подготвување на кампања за  привлекување на поголем  број на ученици (наоѓање разни методи и нови наставни програми).<br>2. Изработување на акционен план за зголемување на учениците во наредните учебни година.<br>3. Да се интензивира соработката со родителите во сите сфери од  воспитно-образовниот процес.<br>4. Воспоставување соработка со правни и физички лица  кои ќе помогнат да се искористат земјоделско-производните капацитети.<br>5. Унапредување и интензивирање на формите на соработка со родителите во подрачјето на комуницирање и односи со јавноста.<br>6. Мислењето на наставниците, родителите и учениците да биде ориентир за идните активности на училиштето.<br>7. Градење на систем за односи со јавноста<br>8. Понатамошна соработка со локалната самоуправа во понатамошни постигнувања на позитивни резултати.<br>9. Интензивирање на соработката со медиумите.<br>10. Почитување на сите етнички култури во училилиштето, преку организирање на културни манифестации, изложби и спортски натпревари. | **2. Градење на уписна политика преку подобрување на комуникацијата и соработката со локалната заедница и родителите** |

| | |
|---|---|
| 11. При утврдување на целите и развојното планирање што повеќе да се вклучат учениците и родителите преку почести средби со цел на прифаќање и реализирање на нивните идеи.<br>12. Подобрување на соработката со локалната заедница за реализација на практичната настава.<br>13. Изнаоѓање на нови иновативни методи за привлекување на поголем број ученици.<br>14. Сопствен портал со агро вести и совети о цел промоција на училиштето | |
| 1. Подобрување на квалитетот на реализација на наставните планови и програми: користење на техники и стратегии кои ќе бидат фокусирани на ученикот и ќе го подигнат нивото на воспитно-образовниот процес.<br>2. Обука на наставниците за работа со проблематични ученици.<br>3. Градење на систем за идентификација на ученици со постконфликтни трауми.<br>4. Градење систем за оценување на емоционалните, физичките и социјалните потреби на сите машки и женски ученици.<br>5. Градење на критериуми за мотивирање на наставниците, а со цел поуспешна работа со учениците.<br>6. Обука на наставниците за справување со конфликтни ситуации<br>7. Усовршување и професионален развој на наставниците.<br>8. Надминување на традиционалната настава со активна методологија.<br>9. Подобрување на организацијата за следење на стручни и општо-образовни семинари. | **3. Подобрување на компетенциите на наставниот кадар преку негово професионално усовршување** |

- **Од стратешка цел кон развојни цели**

| Стратешка цел | Развојни цели |
|---|---|
| **1. Подобрување на условите за реализирање на квалитетна воспитно-образовната работа** | 1.1. Обезбедување на инфраструктурни услови за квалитетна настава (санирање на подовите и таваните, докомплетирање на затоплувањето, свињарска фарма, цвеќара) |
| | 1.2 Набавка на нагледни средства по наставни предмети,училишен инвентар, алати и помагала за практична настава, стручна литература и лектири |
| **2. Градење на уписна политика преку подобрување на комуникацијата и соработката со локалната заедница и родителите** | 2.1. Градење на стратегија за упис и изработка на акциони планови за зголемување на учениците во наредните учебни години. |
| | 2.2. Унапредување и интезивирање на формите на соработка со локалната заедница и родителите и развој на подрачјата на комуницирање и односи со јавноста. |
| **3. Подобрување на компетенциите на наставниот кадар преку негово професионално усоршување** | 3.1. Подобрување на квалитетот на реализација на наставните планови и програми преку користење на техники и стратегии. |
| | 3.2. Доусовршување на наставниот кадар за постигнување на поголема фокусираност кон ученикот и неговите емоционални, физички и социјални потреби. |

- **Табели кои го покажуваат соодносот помеѓу развојните цели, конкретните цели и активностите**

**Стратешка цел: 1. Подобрување на условите за реализирање на квалитетна воспитно-образовната работа**

**Развојна цел: 1.1. Обезбедување на инфраструктурни услови за квалитетна настава**

| Конкретни цели | активности | ресурси | | | временска рамка | индикатори | извори на докази |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | човечки | физички | трошоци | | | |
| 1.1.1.Промена на подовите во училиштето | • Изработка на проект за реконструкција на подовите<br>• Аплицирање до донатор или МОН<br>• Реализација на проектот<br>• Евалвација на инфрастуктурниот зафат | Златко Крстевски - в.д.директор.<br><br>Благојче Кривевски - наставник Јовановски Васко –хаусмајстор | Училишната зграда Средства неопходни за изведба на инфрастуктурниот зафат | По изработката на проектот ќе се утврдат реалните трошоци | Февруари 2024 Февруари 2028 парцијално по спратови | • Поздрава и побезбедна средина за реализација на наставата<br>• Задоволство кај учениците, родителите и вработените | • Изработен проект<br>• Градежна книга<br>• Евалвациони листи |
| 1.1.2. Реконструкција на таваните во училиштето | • Изработка на проект за реконструкција на подовите<br>• Аплицирање до донатор или МОН<br>• Реализација на проектот<br>• Евалвација на инфрастуктурниот зафат | Златко Крстевски- в.д.директор.<br><br>Благојче Кривевски - наставник Јовановски Васко –хаусмајстор | Училишната зграда Средства неопходни за изведба на инфрастуктурниот зафат | По изработката на проектот ќе се утврдат реалните трошоци | Февруари 2024 Февруари 2028 парцијално по спратови | • Поздрава и побезбедна средина за реализација на наставата<br>• Задоволство кај учениците, родителите и вработените | • Изработен проект<br>• Градежна книга<br>• Евалвациони листи |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.3. Реконструкција на системот за затоплување со додавање на нови грејни тела во училниците на долниот спрат | • Изработка на проект за реконструкција на системот за затоплување<br>• Аплицирање до донатор или МОН<br>• Реализација на проектот<br>• Евалвација на инфрастуктурниот зафат | Златко Крстевски- в.д.директор.<br><br>Благојче Кривевски - наставник Јовановски Васко –хаусмајстор | Училишната зграда Средства неопходни за изведба на инфрастуктурниот зафат | По изработката на проектот ќе се утврдат реалните трошоци | Февруари 2024 Февруари 2028 | • Заштеда на енергија<br>• Поздрава и почиста средина за реализација на наставата<br>• Задоволство кај учениците, родителите и вработените | • Изработен проект<br>• Проектна документација<br>• Градежна книга<br>• Евалвациони листи |
| 1.1.4. Реконструкција на училниците и канцелариите | • Изработка на проект<br>• Аплицирање до донатор или МОН<br>• Реализација на проектот<br>• Евалвација на инфрастуктурниот зафат | Златко Крстевски- в.д.директор.<br><br>Благојче Кривевски - наставник Јовановски Васко –хаусмајстор | Средства неопходни за изведба на инфрастуктурниот зафат | По изработката на проектот ќе се утврдат реалните трошоци | Февруари 2024 Февруари 2028 | • Подобрување на безбедноста на зградата<br>• Поздрава и побезбедна средина за реализација на наставата<br>• Задоволство кај учениците, родителите и вработените | • Изработен проект<br>• Проектна документација<br>• Градежна книга<br>• Евалвациони листи |
| 1.1.5. Реконструкција на вратите на училниците и канцелариите | • Изработка на проект за<br>• Аплицирање до донатор или МОН<br>• Реализација на проектот<br>• Евалвација на | Златко Крстевски- в.д.директор.<br><br>Благојче Кривевски - наставник Јовановски Васко –хаусмајстор | Средства неопходни за изведба на инфрастуктурниот зафат | По изработката на проектот ќе се утврдат реалните трошоци | Февруари 2024 Јануари 2028 | • Подобрување на безбедноста на зградата<br>• Поздрава и побезбедна средина за реализација на наставата<br>• Задоволство кај | • Изработен проект<br>• Проектна документација<br>• Градежна книга<br>• Евалвациони листи |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | инфрастуктурниот зафат | | | | | учениците, родителите и вработените | |
| 1.1.6. Реконструкција на свињарска фарма | • | Златко Крстевски-в.д.директор. проф.Нада Христовска Јовановски Васко –хаусмајстор | Свињарска фарма Средства неопходни за изведба на инфрастуктурниот зафат | По изработката на проектот ќе се утврдат реалните трошоци | Февруари 2024 Февруари 2028 | • Подобрување на безбедноста на фармата<br>• Подобрување на условите за реализација на практичната настава<br>• Задоволство кај учениците, родителите и вработените | • Изработен проект<br>• Проектна документација<br>• Градежна книга<br>• Евалвациони листи |
| 1.1.7. Доопремување на цвеќара во дворот на училиштето | • Изработка на проект за свињарската фарма<br>• Аплицирање до донатор или МОН<br>• Реализација на проектот<br>• Евалвација на инфрастуктурниот зафат | Златко Крстевски-в.д.директор. проф.Иванова Живка-агроном проф.Трајкова Лидија-агроном Јовановски Васко –хаусмајстор | Училишната зграда Комплетната дограма Средства неопходни за изведба на инфрастуктурниот зафат | По изработката на проектот ќе се утврдат реалните трошоци | Февруари 2024 Февруари 2028 | • Подобрување на условите за реализација на практичната настава<br>• Задоволство кај учениците, родителите и вработените | • Изработен проект<br>• Проектна документација<br>• Градежна книга<br>• Евалвациони листи |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.8. Модернизација на фудбалскиот терен. | • Барање до општината за да се вклучи во проектот на реновирање<br>• Реализација на проектот<br>• Евалвација на инфрастуктурниот зафат | Златко Крстевски- в.д.директор.<br>Владимир Илиевски – агроном<br>Зоран Трајчевски – агроном<br><br>Благојче Кривевски - наставник<br>Јовановски Васко –хаусмајстор | Средства неопходни за изведба на инфрастуктурниот зафат | По изработката на проектот ќе се утврдат реалните трошоци | Февруари 2024 Февруари 2028 | • Подобрување на условите за реализација на наставата по спорт<br>• Задоволство кај учениците, родителите и вработените<br>• Задоволство кај пошироката заедница | • Изработен проект<br>• Проектна документација<br>• Градежна книга<br>• Евалвациони листи |

**Развојна цел: 1.2 Набавка на нагледни средства по наставни предмети,училишен инвентар, алати и помагала за практична настава, стручна литература и лектири**

| Конкретни цели | активности | ресурси | | | временска рамка | индикатори | извори на докази |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | човечки | физички | трошоци | | | |
| 1.2.1. Набавка на нагледни средства по наставни предмети и училишен инвентар | • Разгледување на потребите на стручни активи<br>• Изработка на заедничка листа со потребни средства<br>• Барање на донатор или до МОН<br>• Набавка на средствата<br>• Распоредување по стручни активи | проф.Дијана Котевска<br>проф. Трајкова Лидија – агроном<br>проф. Илија Петровски - ветеринар | наставничка канцеларија кабинет компјутер печатач | Реалните трошоци ќе се утврдат според потребите од стручните активи | 2024-2028 | Опфатени наставници од стручниот актив | Анкетни ливчиња и записник од состанок на стручен актив<br>Листа за потребните средства<br>Фактури<br>Пописна листа |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.2.2. Набавка алати и опрема за практична настава | • Разгледување на потребите на стручни активи<br>• Изработка на заедничка листа со алати и опрема<br>• Барање на донатор или до МОН<br>• Набавка на алати и опрема<br>• Распоредување по стручни активи | проф.Владимир Илиевски<br>проф. Зоран Трајчевски<br>проф.Душанка Соколовска–агроном<br>проф.Илија Петровски – вет.лекар | наставничка канцеларија кабинет компјутер печатач | Реалните трошоци ќе се утврдат според потребите од стручните активи | 2024-2028 | Опфатени наставници од стручниот актив | Анкетни ливчиња и записник од состанок на стручен актив Листа за потребните алати и опрема Фактури Пописна листа |
| 1.2.3. Набавка на стручна литература и лектири | • Разгледување на потребите на стручни активи<br>• Изработка на заедничка листа со потребната стручна литература и лектири<br>• Барање на донатор или до МОН<br>• Набавка на стручна литература и лектири<br>• Распоредување по стручни активи | проф.Христова Нада – вет.лекар<br>проф.Дијана Котевска<br>проф.Иванова Живка - агроном | наставничка канцеларија кабинет компјутер печатач | Реалните трошоци ќе се утврдат според потребите од стручните активи | 2024-2028 | Подобрување на квалитетот на наставата | Анкетни ливчиња и записник од состанок на стручен актив Листа за потребните литературни изданија Фактури Пописна листа |
| 1.2.4. Информатичко доопремување на опремување на учелниците од вториот спрат | • Разгледување на потребите на стручни активи<br>• Барање на донатор или до МОН<br>• Сопствени средства | Златко Крстевски-в.д.директор.<br>Благојче Кривевски - наставник<br>проф.Славица Трајковска | наставничка канцеларија кабинет компјутер печатач | Реалните трошоци ќе се утврдат според потребите од стручните активи | 2024-2028 | Подобрување на квалитетот и осовеменување на наставата | Анкетни ливчиња и записник од состанок на стручен актив Фактури Пописна листа |

**Стратешка цел: 2. Градење на уписна политика преку подобрување на комуникацијата и соработката со локалната заедница и родителите**

**Развојна цел: 2.1. Градење на стратегија за упис и изработка на акциони планови за зголемување на учениците во наредните учебни години**

| Конкретни цели | активности | ресурси | | | временска рамка | индикатори | извори на докази |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | човечки | физички | трошоци | | | |
| 2.1.1 Изработување на акционен план за зголемување на учениците во наредните учебни година | • Реорганизација на тим<br>• Составување на анкета<br>• Спроведување на анкетата<br>• Анализа на резултатите<br>• Изработување на акционен план | Златко Крстевски – в.д.директор.<br><br>Марија Филиповска - психолог<br>проф.Петровски Илија<br>проф.Иванова Живка-агроном<br>Благојче Кривевски - наставник | наставничка канцеларија<br>кабинет<br>компјутер<br>печатач | / | Тековно, секоја година | Изработен акционен план<br><br>Зголемен број на запишани ученици | Записник од состаноците<br><br>Собрани анкетни листови<br><br>Акционен план |
| 2.1.2. Подготвување на кампања за привлекување на поголем број на ученици (наоѓање разни методи и нови наставни програми) | • Реорганизација на тимови за презентација по ОУ, тимови за медиумска презентација<br>• Изработка на печатен пропаганден материјал<br>• Оджување на отворен ден на | Златко Крстевски – в.д.директор.<br><br>Марија Филиповска – психолог<br>проф.Петровски Илија<br>проф.Лидија Трајкова<br>проф.Иванова Живка-агроном<br>Благојче | наставничка канцеларија<br>кабинет<br>компјутер<br>печатач | / | Континуирано 2024-2028 | Реализирани активности ( реклами, презентации, отворени денови, натпревари, саеми и сл)<br><br>Зголемен број на запишани ученици | Печатен пропаганден материјал<br><br>Реклама<br><br>Емисии |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | училиштето<br>• Учество на саеми, натпревари и други форми на презентација на училиштето<br>• Соработка со родителите и локалната заедница<br>• Отворање на сопствен портал | Кривевски - наставник | | | | | |

**Развојна цел: 2.2. Унапредување и интезивирање на формите на соработка со локалната заедница и родителите и развој на подрачјата на комуницирање и односи со јавноста.**

| Конкретни цели | активности | ресурси | | | временска рамка | индикатори | извори на докази |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | човечки | физички | трошоци | | | |
| 2.2.1 Градење на систем за односи со јавноста | • Реорганизација на училишен тим за односи со јавноста<br>• Изработка на стратегијата преку мислења од наставници, родители, ученици и локалната заедница<br>• Имплементација на стратегијата | Златко Крстевски – в.д.директор. Марија Филиповска - психолог Лидија Трајкова - наставник | наставничк а канцеларij а кабинет компјутер печатач видео бим медиуми | / | Континуи рано 2024-2028 | Реализирани емисии во јавните гласила и медиуми<br>Зголемување на бројот на запишани ученици | Записник од состаноците Анкетен лист<br>Стратегија за односи со јавноста |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.2.2 Унапредување и интезивирање на формите на соработка со родителите | • Реорганизација на училишен тим за соработка со родителите<br>• Градење на разни форми за соработка со родителите | Златко Крстевски – в.д.директор.<br>Марија Филиповска - психолог<br>Класни раководители<br>Претставниците на советите на родители | наставничка канцеларија<br>кабинет<br>компјутер<br>печатач<br>видео бим | / | Континуирано 2024-2028 | Реализирани заеднички акции и други форми на соработка со родителите<br>Зголемување на бројот на запишани ученици<br>Подобрување на училишната клима | Записник од состаноците<br>Стратегија за односи со јавноста |
| 2.2.3 Почитување на сите етнички култури во учлилиштето, преку организирање на културни манифестации, изложби и спортски натпревари. | • Реорганизација на тим за организирање на културни манифестации, изложби и спортски натпревари<br>• Организирање на настаните | Златко Крстевски – в.д.директор.<br>проф.Дијана Котевска<br>Марија Филиповска - психолог<br>Проф. Душан Шешиќ<br>Проф. Моника Талевска | Училишната зграда и двор<br>кабинети<br>компјутер<br>печатач<br>спортска сала | Трошоци за разгласна станица | Континуирано 2024-2028 | Реализирани културни манифестации, изложби и спортски натпревари<br>Зголемување на бројот на запишани ученици | Записни к од состаноците<br>Анкетен лист<br>Стратегија за односи со јавноста |

**Стратешка цел: 3. Подобрување на компетенциите на наставниот кадар преку негово професионално усоршување**

**Развојна цел: 3.1. Подобрување на квалитетот на реализација на наставните планови и програми преку користење на техники и стратегии.**

| Конкретни цели | активности | ресурси | | | временска рамка | индикатори | извори на докази |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | човечки | физички | трошоци | | | |
| 3.1.1 Идентификување на потребите на наставниот кадар | • Изготвување на прашалник за избор на програмата, според барањата на наставниците<br>• Избор на учесници на обуките | Марија Филиповска - психолог проф.Христовска Нада – вет.лекар проф.Иванова Живка –агроном проф.Дијана Котевска | наставничка канцеларија компјутер печатач | Реалните трошоци ќе се прикажат според бројот на учесници и видот на обуката | Тековно | Подобрување на тимската работа во стручните активи<br>Дефинирани потреби на наставниот кадар за стручно усовршување | Записници од состанок на стручните активи<br>Листа на идентификувани полиња на подобрување<br>Листи на наставници |
| 3.1.2 Реализација на стручното усовршување | • Разгледување на понудите на обучувачите од понудената листа во каталогот или провајдерите<br>• Контакт со консултантска куќа за избор на обучувач<br>• Контакт со претходни клиенти | Марија Филиповска - психолог проф.Христовска Нада – вет.лекар проф.Иванова Живка –агроном проф.Дијана Котевска | Кабинет или ндвор од училиштето Комплет обучувачки материјал компјутер печатач Видео бим Флит чет табла | Реалните трошоци ќе се прикажат според бројот на учесници и видот на обуката како и избраниот провајдер | 2024-2028 | Изведени обуки<br>Подобрени знаења и вештини<br>Подобрување на тимската работа | Евалвациони листи од обуката<br>Материјал од обуката<br>Изработените вежби<br>Сертификати на учесниците |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | • Избирање на обучувач кој ќе ја изведува обуката<br>• Изведување на обуката<br>• Мониторинг на обуката<br>• Евалуација на обуката | | | | | | |
| 3.1.3 Десиминација на знаењата помеѓу наставниците | Подготовка за десиминација<br>Обезбедување услови за обуката во колективот<br>Реализација на десиминацијата<br>Евалвација на десиминацијата и научените лекции<br>Проверка за примена на наученото во пракса од страна на обучувачите-ментори | Марија Филиповска - психолог проф.Христовска Нада – вет.лекар проф.Иванова Живка –агроном проф.Дијана Котевска Наставници опфатени со примарната обука - десеминатори | Кабинет Комплет обучувачки материјал компјутер печатач Видео бим Флит чет табла | Реалните трошоци ќе се прикажат според бројот на учесници и видот на обуката | 2024-2028 | Изведени обуки<br>Подобрени знаења и вештини<br>Подобрување на тимската работа | Евалвациони листи од обуката<br>Материјал од обуката<br>Изработените вежби<br>Сертификати на учесниците |

**Развојна цел: 3.2. Доусовршување на наставниот кадар за постигнување на поголема фокусираност кон ученикот и неговите емоционални, физички и социјални потреби**

| Конкретни цели | активности | ресурси | | | временска рамка | индикатори | извори на докази |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | човечки | физички | трошоци | | | |
| 3.2.1 Идентификување на потребите на наставниот кадар | • Изготвување на прашалник за избор на програмата, според барањата на наставниците<br>• Изработка на листа со критериуми за избор на наставници<br>• Избор на учесници на обуките | Марија Филиповска - психолог Проф.Мимоза Христова проф.Христовска Нада – вет.лекар проф.Иванова Живка –агроном проф.Лидија Трајкова-агроном | наставничка канцеларија компјутер печатач | Реалните трошоци ќе се прикажат според бројот на учесници и видот на обуката | Тековно | Подобрување на тимската работа во стручните активи<br>Дефинирани потреби на наставниот кадар за стручно усовршување | Записници од состанок на стручните активи<br>Листа на идентификувани полиња на подобрување<br>Листи на наставници |
| 3.2.2 Реализација на стручното усовршување | • Разгледување на понудите на обучувачите од понудената листа во каталогот или провајдерите<br>• Контакт со консултантска куќа за избор на обучувач<br>• Контакт со претходни клиенти<br>• Избирање на обучувач кој ќе ја изведува обуката<br>• Изведување на | Марија Филиповска - психолог Проф.Мимоза Христова проф.Лидија Трајкова-агроном проф.Христовска Нада – вет.лекар проф.Иванова Живка –агроном | Кабинет или ндвор од училиштето Комплет обучувачки материјал компјутер печатач Видео бим Флит чет табла | Реалните трошоци ќе се прикажат според бројот на учесници и видот на обуката како и избраниот провајдер | Тековно | Изведени обуки<br>Подобрени знаења и вештини<br>Подобрување на тимската работа | Евалвациони листи од обуката<br>Материјал од обуката<br>Изработените вежби<br>Сертификати на учесниците |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | обуката<br>• Мониторинг на обуката<br>• Евалуација на обуката | | | | | | |
| 3.2.3 Десиминација на знаењата помеѓу наставниците | Подготовка за десиминација<br>Обезбедување услови за обуката во колективот<br>Реализација на десиминацијата<br>Евалвација на десиминацијата и научените лекции<br>Проверка за примена на наученото во пракса од страна на обучувачите-ментори | Проф.Мимоза Христова проф.Илија Петровски проф.Иванова Живка -агроном проф.Христовска Нада – вет.лекар проф.Лидија Трајкова-агроном Наставници опфатени со примарната обука - десеминатори | Кабинет Комплет обучувачки материјал компјутер печатач Видео бим Флит чет табла | Реалните трошоци ќе се прикажат според бројот на учесници и видот на обуката | тековно | Изведени обуки<br>Подобрени знаења и вештини<br>Подобрување на тимската работа | Евалвациони листи од обуката<br>Материјал од обуката<br>Изработените вежби<br>Сертификати на учесниците |

Битола,

04.03.2024г

**Програмата за развој на училиштето ја изработија:**

Златко Крстевски – в.д.директор

Нада Христовска - претседател на Училишен одбор

Марија Филиповска – стручен соработник

Благојче Кривевски – наставник

Живка Иванова - наставник